**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 6 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година и О.бр.02-15/VIII-7/2014 од 31 јули 2014 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање Одбор за оценување**

1. Се формира Одбор за оценување во следниов состав:

| | | |
|---|---|---|
| - Д-р Александар Стојков | член на Советот на Народната банка на | претседател |
| - Д-р Анета Крстевска | главен економист во Раководството на Народната банка | член |
| - М-р Ана Митреска | директор на Дирекцијата за монетарна политика и истражување во Народната банка | член |

2. Одборот за оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови од областа на макроекономијата по објавениот конкурс за Годишна награда за млади истражувачи за 2017 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави и предлог за доделување награда за второрангираниот труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е со квалитет близок до прворангираниот.

Доколку одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниеден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог за оваа година да не се даде награда.

3.Оваа решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

Бр. 3241/2
9 февруари 2017 година
Скопје

Гувернер
Димитар Богов